Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 , 05/16 , 142/16 и 11/18 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/19 , 14/20, 215/21 , 99/22 и 208/24) а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Битола бр.01-02 од 03.09.2015 год. Секретарот на Општината Битола, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на административен службеник**
**по пат на интерен оглас**

1.За извршител на работите на работно место:
**1.УПР 0101Б04000 Раководител на одделение за економски развој** , Одделение за економски развој, Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија **1 извршител**
се избира кандидатот
**ЕМИЛИЈА САРАФСКА**

2.Административниот службеник ќе биде унапреден на работното место од претходниот став, врз основа на Решение донесено од Секретарот на Општината, а по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.

3.Оваа Одлука ќе се објави на веб страницата на Општина Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Битола спроведе постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од став 1 на оваа Одлука, преку објавен интерен оглас бр. 01/2026.

Интерниот оглас беше објавен на веб страната на општина Битола и на страницата на Агенцијата за администрација на ден 08.04.2026 г. Од страна на посебно формирана Комисија со Решение бр. 04-29/9 од 16.04.2026 година, спроведена е административна селекција (Записник бр. 04-29/10 од 22.04.2026 година).

Секретарот на Општина Битола изврши интервју со кандидатот за погоре наведеното работно место, кој воедно беше и единствен кандидат пријавен по интерниот оглас.
(Записник 04-29/11 од 24.04.2026.)

Комисијата по извршеното интервју изготви финална ранг листа на кандидат со предлог , истата ја достави до Секретарот Записник бр.04-29/12 од 24.04.2026 год. врз основа на која листа – предлог Секретарот на општината изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Битола.

Бр. 04-29/13
27.04.2026 год.
Битола

**Секретар**
**на Општината Битола**
**Борче Димитровски**

Изготвил: Кире Ѓоргиевски